Јавно претпријатие за комунални дејности "КОМУНАЛЕЦ" ц.о.
Ndermarrja Publike për Veprimtari Komunale "KOMUNALEC"p.p.

Sp./Nr. 04 - 2541/7
21.11.2023 год.
КИЧЕВО - KERÇOVË

Врз основа на член 35 од Статутот на ЈП ,,Комуналец,, - Кичево, член 10, член 44 и член 45 од Законот за административни службеници ( ,,Службен весник на РМ,, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015,5/2016, 142/2016, 11/2018 и ( ,,Службен весник на РСМ,, број 275/2019,14/2020,2015/2021 и 99/2022) а во врска со Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 374/2023 доставен од Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија бр.10-1724/9, Директорот на ЈП ,,Комуналец,, - Кичево, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидати за административен службеник по јавен оглас бр.374/2023 во ЈП ,,Комуналец,, - Кичево

1. За извршител на работното место КДР 01 02 Б04 126 Раководител на одделение за правни и административно – општи работи - Сектор за правни, административни – општи работи и управување со човечки ресурси во ЈП ,,Комуналец,, - Кичево се избира кандидатот со идентификациониот код 2Е5070Е Џемиле Мехмеди.

2. За извршител на работното место КДР 01 02 Г04 093 Помлад референт администратор - Одделение за правни и административно – општи работи, Сектор за правни, административни – општи работи и управување со човечки ресурси во ЈП ,,Комуналец,, - Кичево се избира кандидатот со идентификациониот код 9А01671 Радмила Алексоска.

3. За извршител на работното место КДР 01 02 В04 014 Помлад соработник за финанси, Одделение за сметководство и финанси, Сектор за финансиски работи и комерција во ЈП ,,Комуналец,, - Кичево се избира кандидатот со идентификациониот код 3828597 Блерим Велиу.

4. Именувваните од точка 1,2 и 3 на оваа Одлука ќе биде вработен на работно место - Помлад референт-дактилограф по конечност на оваа Одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 05.10.2023 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници Нова Македонија, Слободен Печат и Коха , беше објавен оглас број 374/2023 за вработување на административен службеник во ЈП ,,Комуналец,,- Кичево на работно место

Со решение број 10-1724/5 од 16.10.2023 година на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, која ја спроведе постапката за вработување.

Горенаведената Комисија спроведе постапка за селекција и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-1724/6 од 24.10.2023 година, на ден 08.11.2023 година спроведе испит за административен службеник за пријавените кандидати и состави Записник од спроведениот испит за административен службеник број 10-1724/7 од 08.11.2023 година и на ден 16.11.2023 година спроведе проверка на веродостојност на доказите и интервју за административен службеник и состави Записник број 10-1724/8 од 16.11.2023 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата за селекција на кандидати за вработување по јавен оглас формирана од страна на Агенцијата за администрација, до ЈП ,,Комуналец,,- Кичево беше доставена Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување, и Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови број 10-1724/9 од 16.11.2023 година.

Врз основа на горе наведеното, директорот на ЈП,, Комуналец,,- Кичево изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈП ,,Комуналец,, Кичево
Директор
Zendel Jonuzi

"КОМУНАЛЕЦ" ЈП "KOMUNALEC" P.P. Kërçovë Кичево